# Клучни пораки за болнички фармацевти

## Задачи

1. Вашите задачи поврзани со подобрување на употребата на антибиотици вклучуваат [42,56,76,94,95]:

а) Учество во тимот за рационална употреба на антибиотици, како клучен член на тимот;

б) Соработка со инфектологот и клиничкиот микробиолог за спроведување на програмата за рационална употреба на антибиотици;

в) Подобрување на квалитетот на препишување антибиотици (на пр. проверка на интеракции меѓу лековите, оптимизирање на дозата и начинот на апплицирање, спречување несакани дејства);

г) Консултирање со болничките лекари што препишуваат лекови и давање повратни информации за да се обезбеди квалитет при препишување антибиотици;

д) Спроведување интервенции за ограничувања на формуларот, како што се барањата за претходно одобрување и пост-авторизација, и проценка на усогласеноста со овие ограничувања;

е) Анализирање на податоците за употребата на антибиотици и трошоците за целите на следење и споредбена анализа;

ж) Поддршка на болничките упатства за антибиотици засновани на докази во врска со вообичаените инфекции и хируршката профилакса;

з) Управување со антимикробниот формулар на вашата болница (т.е. листа на лекови достапни за препишување).

## Што треба да знаете

2. Придржувањето кон ограничувањата на формуларот, како и барањата за претходно одобрување и пост-авторизација за специфични антибиотици ја намалува употребата на овие антибиотици во единиците за интензивна нега [43].

3. Преминот од парентерална на орална терапија под водство на фармацевти ги подобрува клиничките исходи (на пр. го скратува времетраењето на парентералната терапија без негативно влијание врз клиничките исходи) [56].

4. Специјалните обрасци за нарачка го ограничуваат времетраењето на периоперативната антибиотска профилакса и ја намалуваат појавата на инфекции на оперативното место, употребата на антибиотици и трошоците [56].

5. Фармацевтите може да имаат повеќе улоги во одделот за итни случаи, вклучувајќи давање повратни информации во реално време и консултации во врска со практиките на препишување, и идентификување на интеракции меѓу лековите. Овие го намалуваат времетраењето на третманите и ги намалуваат вкупните трошоци за лекување [77].

# Што може да направите или во што да соработувате

6. Поддржете го развојот и спроведувањето на програма за рационална употреба на антибиотици во вашата организација [69,94].

7. Давајте повратни информации и совети на лекарите што препишуваат за изборот на антибиотици, дозата, оптимизација на времетраењето и начинот на аплицирање [31,94].

8. Поттикнувајте ги клиничарите да прават навремен премин од парентерална на орална терапија [56].

9. Проверувајте дали рецептите за антибиотици ги следат протоколите за антибиотски третман, засновани на упатства базирани на докази. Доколку забележите дека членови на персоналот во болницата или здравствената установа ги прекршуваат упатствата или протоколите, прашајте ги зошто го прават тоа и дајте им насоки за да разберат што прават погрешно [69] [експертски консензус].

10. Собирајте и споделувајте податоци за употребата на антибиотици и трошоците на ниво на оддел и на ниво на болница [56,76].

11. Заедно со лекарите што препишуваат, давајте им на пациентите кои треба да продолжат со антибиотска терапија по отпуштањето информации за употреба на антибиотиците дома [31].

12. Редовно обучувајте ги болничките лекари што препишуваат за разумна употреба на антибиотици и учествувајте на состаноци за спроведување на болнички упатства за антибиотици засновани на докази [31,53,94,95].